РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-12
04.07.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До:

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**Предмет:** **Одговор на Претставка за реализирано и најавено, а неемитувано интервју на ТВ Канал 5**

Почитувани

Агенцијата ја прими вашата Претставка (наш бр. УПП 03/12 од 26.06.2024 г.) во врска со тоа дека новинарка на ТВ Канал 5 реализирала интервју со вашата малолетна ќерка, но Телевизијата не го прикажала иако изработила и емитувала на својата програма соодветни најави за тоа дека ќе се емитува на 05.06.2024 година, од 8 часот наутро во рамките на утринската програма „Здраво Македонијо“.

Според Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, радијата и телевизиите се независни во својата уредувачка политика и самостојно одлучуваат за тоа што ќе емитуваат на своите програми. Почитувањето на уставното право на слобода на изразување е клучно за нивната работа и може да се ограничи само под услови утврдени со закон. Со оглед на ова, Агенцијата нема можност да постапува во однос на претставката, но ќе ја извести ТВ Канал 5 за Претставката при што ќе апелира на професионалната етика на новинарите и уредниците да ги известат ученичката и нејзините родители, за уредничката одлука за емитување или неемитување, со оглед на тоа дека интервјуто било реализирано и неговото прикажување било најавено.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**по овластување од директорот,**

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**